РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1974/3
30-06-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 71-та седница одржана на ден 30.06.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-1974/1 од 20.05.2021 година доставена до ДКСК од непознат подносител со барање за заштита на подрајчето на Водно, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека нема надлежност за постапување од причина што пријавата е со општи наводи, без посочување на конкретни личности и активности и не содржи наводи со коруптивни елементи.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Од страна на непознат подносител- група граѓани, на ден 20.05.2021 година, поднесена е пријава/барање за заштита на Водно на подрачјето од локација на -------- до --------------- ----- ---------------- со наводи дека градежните работи се вршеле без никаков план или дозволи, се прекопувал асвалтираниот пат без никаква контрола, се уништувало крајпатното зеленило, патот се распаѓал во должина повеќе од 1,5 километри, а поради дивиот коруптивен урбанизам се правеле огромни материјални и финансиски штети за иднината на градот. Предметното барање е доставено и до Општина Центар и Град Скопје како надлежни органи за постапување по однос на Деталните урбаниситички планови.

При разгледувањето на предметната пријава, ДКСК констатира дека во истата се содржани општи наводи, без посочување на конкретни личности и активности и дека пријавата не содржи наводи со коруптивни елементи, а воедно предметното барање било доставено до друг орган кој е надлежен да постапува од областа, по што оцени дека нема надлежност да постапува во вакви случаи и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Нури Бајрами**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: К.Н.,член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk